*CETS 012*
*Macedonian version*

COUNCIL OF EUROPE CONSEIL DE L'EUROPE

*Серија Европски договори – Бр. 12*

# ЕВРОПСКИ ПРИВРЕМЕН ДОГОВОР ЗА ШЕМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА СТАРОСТ, ИНВАЛИДНОСТ И СЕМЕЈНИ ПЕНЗИИ И ПРОТОКОЛОТ КОН НЕГО

Париз, 19.XII.1953

Македонска верзија, ова не е официјален превод на Совет на Европа.

Владите потписнички на овој договор, како членки на Советот на Европа,

Водејќи сметка дека цел на Советот на Европа е постигнување поголемо единство помеѓу неговите членки заради унапредување, меѓу другото, на нивниот социјален напредок;

Афирмирајќи го принципот дека државјаните на која било од договорните страни на овој Договор, во согласност со законите и прописите на секоја друга договорна страна што се однесуваат на исплата на бенефиции во случај на старост, инвалидност и наджививување, треба да уживаат еднаков третман со нејзините државјани, принцип кој е пропишан со конвенциите на Меѓународната организација на трудот;

Афирмирајќи го, исто така, принципот дека државјаните на која било од договорните страни треба да ги остваруваат и примаат бенефициите, предвидени со договорите во случај на старост, инвалидност и надживување што ги склучиле други две или повеќе договорни страни;

Сакајќи да ги оживотворат овие принципи преку Интерим договор, очекувајќи го склучувањето на општа конвенција заснована на мноштво билатерални договори,

Се согласија за следново:

**Член 1**

1 Овој Договор се применува во однос на сите закони и прописи за социјално осигурување што се во сила на денот на неговото потпишување или кои може да стапат на сила подоцна, на кој било дел од територијата на договорните страни, а се однесуваат на:

а бенефиции во случај на старост;

б бенефиции во случај на инвалидност, освен оние коишто се доделуваат во рамки на шемите за повреда на работно место;

ц бенефиции за лица кои го надживеале осигуреникот, освен еднократна парична помош за случај на смрт или бенефиции коишто се доделуваат во рамки на шемите за повреда на работно место.

2 Овој Договор се применува во однос на шемите за кои се плаќаат и шемите за кои не се плаќаат придонеси. Договорот нема да се

применува во однос на социјалната помош, посебните шеми за државните службеници и бенефициите што се исплаќаат за случај на повреди стекнати во војна или поради странска окупација.

3 За целите на овој Договор, терминот “бенефиција” вклучува и зголемување или дополнување на бенефицијата.

4 Поимите “државјани” и “територија” на една договорна страна го имаат она значење што ќе им го определи таа договорна страна во изјавата упатена до Генералниот секретар на Советот на Европа заради доставување до сите други договорни страни.

**Член 2**

1 Предмет на ограничување со одредбите на член 9, државјанинот на една договорна страна има право да ги остварува бенефициите предвидени со законите и прописите на која било друга договорна страна под истите услови што важат за нејзините државјани, доколку:

а во случај на инвалидска пензија, којашто се остварува било според шема за која се плаќаат придонеси или според шема за која не се плаќаат придонеси, лицето редовно престојувало на територијата на друга договорна страна пред првото медицинско констатирање на болеста која довела до инвалидност;

б во случај на бенефиција, којашто се остварува според шема за која не се плаќаат придонеси, лицето престојувало на територијата на друга договорна страна за збирен период не помалку од петнаесет години по навршување на дваесет години живот, редовно и непрекинато престојувало на таа територија најмалку пет години пред поднесување на барањето за остварување бенефиција и продолжува редовно да престојува на таа територија;

ц во случај на бенефиција, којашто се остварува според шема за која се плаќаат придонеси, лицето престојува на територијата на која било од договорните страни.

2 Во случај кога законите и прописите на некоја договорна страна предвидуваат ограничувања на правата за нејзините државјани кои не се родени на нејзина територија, тогаш државјаните на другите договорни страни кои се родени на нивна територија ќе се третираат како да се државјани на првоспоменатата договорна страна родени на нејзина територија.

**Член 3**

1 Секој договор кој се однесува на законите или прописите предвидени во член 1, којшто е склучен или може да биде склучен помеѓу две или повеќе договорни страни, предмет на ограничување со одредбите на член 9, ќе се применува во однос на државјаните на другите договорни страни како да се државјани на една од првоспоменатите договорни страни, сé додека со тој договор, во однос на законите и прописите:

а се определува според кои закони или прописи лицето треба да биде осигурано;

б се овозможува задржување на стекнати права и права во фаза на стекнување, а особено право на собирање периоди на осигурување или еквивалентни периоди со цел утврдување на правото на остварување бенефиција и пресметување на износот на бенефицијата што треба да се исплати;

ц се предвидува исплата на бенефиции на лица кои престојуваат на територијата на која било страна на таквиот договор;

д се предвидува дополнување и спроведување на одредбите од договорот, споменат во овој став.

2 Одредбите од став 1 на овој член нема да се применуваат на одредбите од договорот коишто се однесуваат на бенефиции кои се остваруваат според шема за која не се плаќаат придонеси, освен во случај кога засегнатиот државјанин престојувал на територијата на договорната страна, според чии закони и прописи тоа лице побарува бенефиција, за збирен период не помалку од петнаесет години по навршување на дваесет години живот, и редовно и непрекинато престојувало на таа територија најмалку пет години непосредно пред поднесување на барањето за остварување на бенефиција.

**Член 4**

Како предмет на уредување со одредбите на други релевантни билатерални и мултилатерални договори, бенефициите кои во отсуство на овој Договор не се доделени или се суспендирани, ќе се остварат односно доделат или повторно ќе се воспостават од денот на влегување во сила на овој Договор спрема сите договорни страни засегнати со предметното барање, доколку барањето се поднесе во рок од една година од денот на влегување во сила на овој Договор или во подолг рок, определен од договорната страна според чии закони и прописи се поднесува тоа барање. Ако барањето не се поднесе во предвидениот рок, правото на бенефиција ќе се оствари или повторно ќе се воспостави од денот кога е поднесено барањето или порано, доколку така определи договорната страна.

**Член 5**

Одредбите на овој Договор не ги ограничуваат одредбите содржани во националните закони или прописи, меѓународните конвенции и билатералните или мултилатералните договори, кои се поповолни за корисникот на бенефициите.

**Член 6**

Овој Договор не влијае врз оние одредби од националните закони или прописи со кои се уредува учеството на осигурените лица, и на други категории засегнати лица, во управување со социјалното осигурување.

**Член 7**

1 Во Анекс I на овој Договор, поодделно за секоја договорна страна, се прикажани шемите за социјално осигурување во однос на кои се применува член 1 и кои се во сила во кој било дел од нејзината територија на денот на потпишување на Договорот.

2 Секоја договорна страна ќе го извести Генералниот секретар на Советот на Европа за секој нов закон или пропис од таков вид, којшто не е содржан во Анекс I во однос на таа договорна страна. Секоја договорна страна е должна да достави такво известување во рок од три месеци од денот на објавување на новиот закон или пропис, или доколку таквиот закон или пропис е објавен пред ратификацијата на овој Договор од страна на засегнатата договорна страна, тоа ќе го стори на денот на неговата ратификација.

**Член 8**

1 Во Анекс II на овој Договор, поодделно за секоја договорна страна, се прикажани договорите што таа ги склучила и во однос на кои се применува член 3, а кои се во сила на денот на потпишување на овој Договор.

2 Секоја договорна страна ќе го извести Генералниот секретар на Советот на Европа за секој нов договор што ќе го склучи, во однос на кој се применува член 3. Секоја договорна страна е должна да достави такво известување во рок од три месеци од денот на влегување во сила на договорот, или доколку таквиот договор стапил во сила пред ратификацијата на овој Договор од страна на засегнатата договорна страна, тоа ќе го стори на денот на неговата ратификација.

**Член 9**

1 Во Анекс III на овој Договор се содржани резервите ставени на Договорот на денот на неговото потпишување.

2 Секоја договорна страна може, во моментот кога поднесува известување согласно член 7 или член 8, да стави резерва во однос на примената на овој Договор спрема одреден закон, пропис или договор, споменат во тоа известување. Изјавата за ставената резерва се приложува кон известувањето, и има важност и произведува дејство од денот на влегување во сила на новиот закон, пропис или договор.

3 Секоја договорна страна може да ја повлече ставената резерва, во целост или во дел, преку доставување на известување во таа смисла до Генералниот секретар на Советот на Европа. Таквото известување има важност и произведува дејство од првиот ден на наредниот месец по приемот на известувањето, и овој Договор соодветно ќе се применува.

**Член 10**

Анексите на овој Договор претставуваат негов составен дел.

**Член 11**

1 Со аранжмани, таму кадешто е потребно, помеѓу надлежните органи на договорните страни ќе се определат методите на имплементација на овој Договор.

2 Надлежните органи на засегнатите договорни страни ќе настојуваат со преговори да ги разрешат споровите настанати во врска со толкувањето и примената на овој Договор.

3 Доколку спорот не биде разрешен со преговори за време од три месеци, спорот ќе се достави на решавање пред арбитражно тело за чиј состав и постапка ќе се спогодат засегнатите договорни страни; во случај да не може да се постигне таква спогодба во наредните три месеци, тогаш на барање на една од засегнатите договорни страни, спорот ќе го решава арбитер, избран од Претседателот на Меѓународниот суд на правдата. Доколку Претседателот е државјанин на една од страните во спорот, оваа задача се доверува на Потпретседателот на Судот или на судија, кој е следен по редослед на сениорство и кој не е државјанин на една од страните во спорот.

4 Одлуката на арбитражното тело или на арбитерот, во зависност од случајот, се донесува во согласност со принципите и духот на овој Договор, и истата е конечна и обврзувачка.

**Член 12**

Во случај на откажување на овој Договор од некоја од договорните страни,

а правото што лицето го стекнало согласно одредбите на овој Договор ќе продолжи да се остварува, а особено доколку лицето, согласно одредбите на овој Договор, стекнало право на исплата на бенефиција според законите или прописите на една од договорните страни додека престојува на територијата на друга, тоа лице ќе продолжи да го ужива правото;

б под услови кои можат да се предвидат со дополнителни договори, склучени помеѓу засегнатите договорни страни заради решавање на состојбата со правата кои се во фаза на стекнување, одредбите на овој Договор ќе продолжат да се применуваат во однос на периодите на осигурување и еквивалентните периоди навршени пред денот кога откажувањето на Договорот станува полноважно.

**Член 13**

1 Овој Договор е отворен за потпишување од страна на државите членки на Советот на Европа. Договорот ќе се ратификува. Инструментите за ратификација се депонираат кај Генералниот секретар на Советот на Европа.

2 Овој Договор влегува во сила на првиот ден од наредниот месец, сметано од денот на депонирање на вториот инструмент за ратификација.

3 Што се однесува до држава потписничка којашто подоцна го ратификува, овој Договор влегува во сила на првиот ден од наредниот месец, сметано од денот на депонирање на инструментот за ратификација.

**Член 14**

1 Комитетот на министри на Советот на Европа може да покани држава, која не е членка на Советот на Европа, да пристапи кон овој Договор.

2 Пристапувањето се врши со депонирање на инструмент за пристапување кај Генералниот секретар на Советот на Европа, а има

важност и произведува дејство на првиот ден од наредниот месец, сметано од денот на депонирање.

3 Кон инструментот за пристапување, депониран во согласност со овој член, се приложува известување во кое се содржани податоците споменати во Анекс I и II од овој Договор, исто како владата на засегнатата држава, на денот на нејзиното пристапување, да била потписничка на овој Договор.

4 За целите на овој Договор, податоците содржани во известувањето во смисла на став 3 од овој член, се сметаат за дел од анексот, во кој би биле внесени, како кога владата на засегнатата држава би била потписничка на Договорот.

**Член 15**

Генералниот секретар на Советот на Европа ќе ги извести:

а членките на Советот и Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот:

и за денот на влегување во сила на овој Договор и за членките кои го ратификувале,

ии за депонирање на инструментите за пристапување во согласност со член 14 и за доставените известувања во таа смисла,

иии за секое известување доставено согласно член 16 и за денот на неговата полноважност;

б договорните страни и Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот:

и за известувањата доставените согласно член 7 и 8,

ии за резервите ставени во согласност со став 2 од член 9,

иии за повлекувањето на која било резерва во согласност со став 3 од член 9.

**Член 16**

Овој Договор останува во сила за време од две години од денот на неговото влегување во сила согласно став 2 од член 13. По истекот на тој период, Договорот останува во сила, од година во година, во однос на оние договорни страни кои не се откажале од него преку известување, доставено во таа смисла до Генералниот секретар на

Советот на Европа, најмалку шест месеци пред истекот на прелиминарниот двегодишен период или пред истекот на секој последователен едногодишен период. Таквото известување станува полноважно и произведува дејство на крајот на периодот за кој се однесува.

Како потврда на гореизнесеното, долупотпишаните, имајќи полно овластување, го потпишаа овој Договор.

Изготвен во Париз, на 11 декември 1953 година, на англиски и француски јазик, двата текста имаат подеднаква автентичност, во единствен примерок кој останува во архивата на Советот на Европа, и Генералниот секретар ќе испрати заверен препис од истиот до секоја држава потписничка и до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот.

Македонска верзија, ова не е официјален превод на Совет на Европа.

# ПРОТОКОЛ
# КОН ЕВРОПСКИОТ ПРИВРЕМЕН ДОГОВОР ЗА ШЕМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ ВО СЛУЧАЈ НА СТАРОСТ, ИНВАЛИДНОСТ И СЕМЕЈНИ ПЕНЗИИ

Македонска верзија, ова не е официјален превод на Совет на Европа.

Владите потписнички, како членки на Советот на Европа,

Имајќи ги предвид одредбите на Европскиот Интерим договор за шемите за социјално осигурување во случај на старост, инвалидност и семејни пензии, потпишан во Париз на 11 декември 1953 година (во понатамошниот текст "основниот Договор");

Имајќи ги предвид одредбите на Конвенцијата за статусот на бегалците, потпишана во Женева на 28 јули 1951 година (во понатамошниот текст "Конвенцијата");

Сакајќи да ја прошират важноста на одредбите на основниот Договор спрема бегалците, онака како што се дефинирани во Конвенцијата,

Се согласија за следново:

**Член 1**

За целите на овој Протокол, поимот "бегалец" го има значењето определено со член 1 од Конвенцијата, при што секоја договорна страна ќе даде изјава на денот на потпишување или ратификација на Протоколот или на денот на пристапување кон него, со која ќе определи кое од значењата на тој поим, предвидени во став Б на член 1 од Конвенцијата, ќе се применува од аспект на нејзините обврски според овој Протокол, освен во случај кога договорната страна дала таква изјава во моментот на нејзиното потпишување или ратификација на Конвенцијата.

**Член 2**

Одребите на основниот Договор се применуваат и на бегалците под истите услови кои важат за државјаните на договорните страни, при што член 3 од Договорот ќе се применува на бегалците само во оние случаи кога договорните страни, како страни на договорите на кои се однесува овој член, го ратификувале или пристапиле кон овој Протокол.

**Член 3**

1 Овој Протокол е отворен за потпишување од страна на државите членки на Советот на Европа, кои го потпишале основниот Договор. Тој ќе се ратификува.

2 Државата која пристапила кон основниот Договор, може да пристапи и кон овој Протокол.

3 Овој Протокол влегува во сила на првиот ден од наредниот месец, сметано од денот на депонирање на вториот инструмент за ратификација.

4 Што се однесува до држава потписничка којашто подоцна го ратификува или пристапува кон Протоколот, истиот ќе стапи во сила на првиот ден од наредниот месец, сметано од денот на депонирање на инструментот за негова ратификација или пристапување.

5 Инструментите за ратификација и пристапување се депонираат кај Генералниот секретар на Советот на Европа, кој ќе ги извести членките на Советот, државите што пристапиле и Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот за државите кои го ратификувале или пристапиле кон Протоколот.

Како потврда на гореизнесеното, долупотпишаните, имајќи полно овластување, го потпиша овој Протокол.

Изготвен во Париз, на 11 декември 1953 година, на англиски и француски јазик, при што двата текста се подеднакво автентични, во единствен примерок кој останува во архивата на Советот на Европа, и Генералниот секретар ќе испрати заверен препис од истиот до секоја држава потписничка и до Генералниот директор на Меѓународната канцеларија на трудот.